**Лот број:** 5.3

**Референтен број на проектот:** IPA/2020/420-934

**Наслов на проектот:** Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија

**Финансиран од**: Европската Унија

# АНЕКС 1 – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ
# (TERMS OF REFERENCES - TOR)

## Позадина

**Накусо за проектот:**

Целта на проектот е зајакнување и поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија и поддржување, унапредување и афирмирање на саморегулацијата во медиумите. Дополнително, фокусот на проектот е јакнењето на капацитетите на Советот за етика во медиумите (СЕММ). Исто така, ќе се работи на подобрување на интегритетот и професионализмот во редакциите, како и директна и индиректна комуникација со медиумите, со особен фокус во утврдување на специфични механизми за соработка со новинарите и медиумите. Проектните активности исто така имаат за цел да подготват основа за ажурирање на етичките Кодекси, особено во делот на унапредување на етичките и професионалните стандарди.

## Цел и предмет на набавката:

Целта на оваа набавка е обезбедување дизајн и изработка на промотивни материјали за потребите и во рамките на активностите на проектот „Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија“. Крајните продукти кои што треба да се изготват се детално наведени во делот на „Очекувани резултати“ и (Анекс 3), кои што треба да ги исполни најповолниот понудувач. Оценувањето и надзорот на понудувачите ќе се врши врз основа на искуството, квалитетот, карактеристиките на продуктите, понудените цени и времето на испорака на извршената услуга, детално наведено во (Анекс 4). Производите ќе бидат изработени во консултација и соработка со проектниот тим на СЕММ. Дополнителни информации за потребите на дизајнот ќе бидат обезбедени од страна на СЕММ, а графичко-визуелните решенија од страна на добавувачот, во тесна и постојана комуникација со СЕММ и по одобрување од барателот на услугите за оваа тендерска постапка.

**Очекувани резултати:**

За времетраењето на утврдениот период за испорака со понудувачот, избраниот најповолен понудувач е обврзан да ги исполни следниве побарувања/услуги:

1. Дизајн за сите наведени продукти;
2. Изработка на рол банер;
3. Изработка/принт на информативни табли со назив на проектот и потребните логоа;
4. Изработка на чаши;
5. Изработка/принт на one-pager со информации на проектот, (Fact sheet – фактографски преглед);
6. Изработка/принт на брошура со информации на проектот;
7. Изработка/принт на тефтери;
8. Изработка/принт на папки за настан/обука;
9. Изработка/принт на маици по кратки ракави;
10. Изработка/принт на пенкала;
11. Изработка/принт на обележувач за книга/Bookmarks;
12. УСБ мемориски – (кредитни) картички 32 GB со принт;
13. Обезбедување на електронска верзија од пишаните содржини, предмет на оваа набавка.

**Квалификации и претходно искуство**

Успешните понудувачи треба да бидат правни лица и да ги имаат следниве квалификации и работно искуство:

1. Портфолио на правното лице, (искуство во дизајнирање на промотивни материјали и продукти);
2. Капацитети и ресурси на правното лице, (организациски капацитет, човечки ресурси и др);
3. Референтна листа на спроведени проекти исти и/или слични на предметот на набавка;
4. Препораки од претходни клиенти за сличен вид и обем на работа;
5. Понудувачот потребно е да има искуство и знаење да ги испорача сите ставки кои се предмет на оваа тендерска постапка. Договорот е неделив. Аналогно на тоа, понудувачот во својата понуда потребно е да ги вклучи сите составни делови, во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.
6. Понудувачот не смее да биде подизведувач и да ангажира трети страни за бараните ставки, за кои барателот на услугите ќе има обврска кон тие трети страни.

**Сопственост:**

Продуктите кои ќе произлезат од ангажманот ќе останат во сопственост на Советот за етика во медиумите (СЕММ). Понудувачот се согласува да не ги користи продуктите надвор од овој ангажман без претходна писмена согласност од СЕММ.

**Јазик на крајните продукти и дизајн:**

При изработка на ставките/продуктите од набавката, потребно е да бидат изработени со внесени информации на македонски, албански и англиски јазик. Понудувачот, во консултација со проектниот тим на СЕММ дополнително ќе ги договори деталите за употребата на јазиците кои што ќе се користат на продуктите.

**Временска рамка:**

- Планираниот датум за отпочнување на услугите за дизајн и изработка на промотивни материјали е денот на потпишување на договор со избраниот понудувач. Договорот ќе биде склучен по основ на ставките кои што се наведени во „Очекувани резултати“, а подробно објаснети во Анекс 3 (Финансиска понуда).
- Понудувачите се должни да наведат време на испорака во Финансиската понуда (Анекс бр. 3). Барателот на услугите препорачува предвиденото време на бараните услуги да биде во најбрз можен рок и во согласност на капацитетите на понудувачот.
- Доколку наведените услови во склучениот договор не бидат испочитувани од страна на избраниот понудувач, СЕММ има право и пред истекот на договорениот рок да го раскине договорот, а по претходно писмено известување во рок од 3 работни дена пред раскинувањето.

**Финансиски надомест:**

Вкупната понудена цена за ставките ги вклучува сите трошоци при изработката на промотивните материјали што можат да се појават во текот на извршување на работата. Износот за спроведените услуги ќе биде исплатен без пресметан ДДВ, имајќи предвид дека Проектот е ослободен од исплата на ДДВ, во согласност со решението од Управата за јавни приходи – УЈП и билатералниот договор помеѓу РСМ и ЕУ, видно од потврдата од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), со број: 20-15/2 од 12.02.2021 год.

Деталите и начините на исплати ќе бидат дефинирани во договорот склучен помеѓу барателот за услугата и избраниот понудувач.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- По првична испорака на минимум 30% од материјалите кои што се предмет на оваа набавка – Фактура бр. 1.
- Втора испорака на материјалите кои што се предмет на набавка, во обем од 30% - Фактура бр. 2.
- По целосната испорака на сите материјали и ставки наведени во Анекс 3 (Финансиска понуда), односно остатокот по првата и втората испорака, односно завршниот дел од 40% од материјалите – Фактура бр. 3.
- Ќе се исплаќа на име и трансакциска сметка во сопственост на правното лице, која што ќе биде наведена во склучениот договор со избраниот понудувач.

**Анекс бр. 1**